Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-10**
**03.01.2025 год.**

**СООПШТЕНИЕ ЗА ПРВА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Почитувани студенти,

Ве известуваме дека првата испитна сесија согласно Универзитетскиот календар за учебната 2024/2025 година ќе се одвива во период од **20 јануари до 14 февруари 2025 година**.

Електронското пријавување на испити за првата испитна сесија (јануари-февруари), ќе се **спроведува во период од 02.01.2024 (четврток) до 07.02.2025 година (петок)** преку електронскиот систем **iKnow**.

По пријавување на испитот, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во долниот десен агол на хартиената пријава запишете го серискиот број од пријавата кој ви го дава електронскиот систем. По електронското пријавување на испитот, со индексот и пополнетета пријава можете да излезете на испит согласно закажаниот термин. По полагање на испитот, предметниот професор ја впишува оценката во пријавата, индексот и во **iKnow** системот.

Согласно член 39 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 год.), студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма и не добил потпис, неможе да пристапи на испит.

Термините за завршните испити во првата испитна сесија се објавени на вебстраната на факултетот.

Доколку имате било какви потешкоти поврзани со пријавување на испитите, слободно котактирајте ја Службата за студентски прашања (02 3240-774).

Со почит,

Продекан за настава
проф. д-р Ксенија Илиевска



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk